Уп. бр. 08-145

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Althea Acquisition Bidco S.à rl, со регистрирано седиште на адресата 28, boulevard FW Raiffeisen, L-2411 Luxembourg, Големо Војводство Луксембург преку Адвокатско друштво Константиновиќ и Милошевски од Скопје, на седницата одржана на ден 29.10.2025 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Althea Acquisition Bidco S.à rl, со регистрирано седиште на адресата 28, boulevard FW Raiffeisen, L-2411 Luxembourg, Големо Војводство Луксембург ќе стекне контрола над AI Sirona (Луксембург) Acquisition S.à rl со седиште на 5 rue des Capucins, L-1313 Luxembourg, Големо Војводство Луксембург, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 03.10.2025 година, а дополнето на 15.10.2025 годинадо Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од Althea Acquisition Bidco S.à rl, со регистрирано седиште на адресата 28, boulevard FW Raiffeisen, L-2411 Luxembourg, Големо Војводство Луксембург со која Althea Acquisition Bidco S.à rl, ќе стекне единствена контрола над AI Sirona (Луксембург) Acquisition S.à rl со седиште на 5 rue des Capucins, L-1313 Luxembourg, Големо Војводство Луксембург.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Althea Acquisition Bidco S.à rl**,е во крајна линија контролирана од фондови управувани од филијали на GTCR LLC („**GTCR**“), фирма со приватен капитал фокусирана на инвестирање во компании во раст во индустриите за финансиски услуги и технологија, здравствена заштита, технологија, медиуми и телекомуникации и деловни и потрошувачки услуги. GTCR има седиште во САД. GTCR генерира само приходи во Северна Македонија преку компаниите во нејзиното портфолио кои се контролирани од неа во областа на давање на решенија за управување со синџир на снабдување на B2B платформа наменета за градежен сектор и обезбедување услуги на оптимизација на дата -центри и мрежна инфраструктура.

**AI Sirona (Луксембург) Acquisition S.à rl** е друштво за посебна намена и управува со групацијата на компании Zentiva - специјализирана за развој, производство и комерцијализација на висококвалитетни лекови по прифатливи цени.

AI Sirona (Луксембург) Acquisition S.à rl е присутна во Северна Македонија преку едно зависно друштво на Zentiva – Друштво за трговија и услуги ЗЕНТИВА ПХАРМА МАКЕДОНИЈА експорт-импорт ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на улица „Јордан Мијалков“ бр. 48-1/1-2, 1000 Скопје, со регистрирана дејност 46.460 - трговија на големо со фармацевтски и медицински производи.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Сиљановска Николиќ**